# ИСТРАЖУВАЊЕ
## НА МЛАДИНСКИТЕ ТРЕНДОВИ

2022



# Содржина


3 ВОВЕД

4 МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

5 ОПИС НА ПРИМЕРОКОТ

7 ОБРАЗОВАНИЕ

18 МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

28 КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ

40 КУЛТУРА

50 ЗДРАВЈЕ

61 МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И ЛОКАЛНА МЛАДИНСКА РАБОТА

70 ВРАБОТУВАЊЕ И ПОДДРШКА ПРЕД ВРАБОТУВАЊЕ

80 ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД 19



Раководител на истражувањето: ЗОРИЦА СТАМЕНКОВСКА

Рецензенти: ЕМИЛИЈА ДИМИЌ
СОЊА СТОЈКОВИЌ

# Вовед

**Цел**

Истражувањето на младинските трендови во Северна Македонија имаше за цел да ги измери нивните ставови, верувања, однесување, перцепции и искуства. Дополнително, собраните податоци ќе послужат како основа во планирањето и имплементацијата на политиките и активностите од страна на Агенцијата за млади и спорт и останатите релевантни чинители во младинскиот сектор. Во таа насока, беа опфатени следните осум релевантни области:

- **Образование,**
- **Вработување и поддршка пред вработување,**
- **Култура,**
- **Здравје,**
- **Квалитет на живеење,**
- **Учество на младите,**
- **Локална младинска работа и младинско информирање и**
- **Влијание на пандемијата на младите луѓе**

Седум од нив се дел од тековната Национална стратегија за млади (2016-2025), додека пак земајќи ја предвид моменталната ситуација и кризата поврзана со пандемијата со коронавирусот, беше додадена и тематската област **Пандемијата со ковид 19**, со цел да се соберат податоци за ставовите и предизвиците  на младите луѓе поврзани со пандемијата која официјално започна во март 2020 година.

# Методолошки пристап

### Истражувачка методологија и пристап

Во истражувањето се употребени следните техники за собирање на податоците:

- **Интервјуа еден на еден**
- **Фокус групи**

Интервјуата и фокус групите беа реализирани преку директни лице в лице и онлајн средби со учесниците. Прашалникот кој се користеше при истражувањето е креиран во соработка меѓу истражувачкиот тим, Агенцијата за млади и спорт и младинскиот сектор преку Советот на млади во Агенцијата за млади и спорт.

Добиените податоци кои се дел од овој финален извештај се анализирани на квантитативно и квалитативно ниво. Квантитативните податоци се анализирани со примена на соодветни статистички методи и постапки кои се текстуално интерпретирани и визуелно претставени преку графикони и слики. Квалитативните податоци се наративно прикажани во форма на цитати.

### Учесници и големина на примерокот

Истражувањето опфати 1200 млади луѓе од осумте плански региони во Северна Македонија.

### Возраст

Младите луѓе вклучени во истражувањето се на возраст од 15-29 години, согласно дефинициите опфатени во Законот за младинско учество и младински политики и тековната Национална Стратегија за млади 2016-2025.

### Временска рамка

Истражувањето се спроведе во периодот меѓу јануари и април 2022 година.

# Опис на примерокот

## Пол







## Возраст




## Место на живеење

Урбана средина 53.7%

Рурална средина 46.3%

## Место на живеење, плански региони*[1]




## Етничка припадност*[2]

- Македонци 67.9%
- Албанци 21.7%
- Роми 2%
- Турци 1.6%
- Срби 1.1%
- Други 5.7%

## Статус

- Ученик 26%
- Студент 24.1%
- Вработен 30.1%
- Невработен 19.8%

1 *Приказ преземен од regioni.mk

2 *При прикажувањето на податоците низ извештајот испитаниците се поделени во три категории :

- Македонци,
- Албанци,
- Други

# 1 Образование

Образованието е фундаментално човеково право кое има моќ да им помогне на младите луѓе да развијат знаења и вештини кои им се потребни да влијаат на својот живот, но и да бидат активни граѓани во општеството. Тоа претставува значаен процес за секоја индивидуа, во чии рамки, таа може да развива ставови, вредности, навики и да го гради своето однесување.

Во услови на глобализација, огромни социјални и економски предизвици и брз технолошки развој, младите луѓе имаат потреба од квалитетно формално и неформално образование, низ сите процеси и нивоа на нивно растење и созревање.

**Во оваа област, прашањата беа поделени во две групи. *Првата група* ги опфати прашањата во однос на општиите ставови за процесот на образование (основно, средно и високо), додека пак *втората група* се однесуваше само на оние млади луѓе кои моментално се дел од процесот на образование.**

### Прашање 1: Наведете колку сте задоволни од своето формално образование (1 е најниско, а 5 највисоко)



Како што може да се види од графиконот, најголем дел од младите ја даваат средната оценка, односно *оценка 3* дале 38%, а со *оценка 4* формалното образование е оценето од страна на 40.2% од учесниците во истражувањето. Притоа, средната вредност на одговорите е **3.5** (M=3.5).

## Прашање 2: Оценете го вашето задоволство од односот и поддршката која ја добивате од професорите и вработените во вашата образовна институција? (1 е најниско, а 5 највисоко)




Прашани да го оценат задоволството од поддршката на нивните професори и вработени во образовната институција, мнозинството од испитаниците даваат *оценка 3*(30.4%) и *оценка 4*(32.6%), додека пак *оценка 5* дале 21.7%. Преостанатите 1.1% даваат *оценка 1(1.1%)* и *оценка 2* (14.1%).

- *„ За мене, моето (средно) училиште претставува место каде професорите ги сметам и за пријатели и верувам дека можам да им се доверам, можеби не на сите нив, но постојат поединци кои ми помагаат секојдневно.*" (Ана, 17)
- *„Не добивам поддршка за моите лични проблеми од моите професори и не сум сигурна дали треба да го очекувам тоа.* "(Тијана, 15)
- *„Јас сум дел од помала група на мојот факултет и поддршката ја има од професорите, но не и од службите за студентски прашања со кои имам најголем проблем*." (Петар, 23)

### Прашање 3: Оценете го вашиот ден поминат во образовната институција




Кај третото прашање, најголем дел од испитаниците (50%) сметаат дека нивниот ден поминат во образовната институција е до некаде лесен и забавен, додека пак најмал процент од нив - 6.50%, времето поминато на училиште или факултет го доживуваат како стресно и тешко.

### Во голема мера тежок и стресен (пол)



Значајно е да се посочи дека 70.9% од сите испитаници кои изјавиле дека за нив денот на факултет/училиште е тежок и стресен се претставнички на женскиот пол.

## Прашање 4: Каков е вашиот став кон образованието во нашата држава?




Во следното прашање, 68.4% од испитаниците истакнале дека имаат негативен став во однос на образованието, спротивно на 19.6% кои изразиле позитивен став. Преостанатите 12% од младите луѓе немаат став.

## Прашање 5: Што сметате дека е најголемиот проблем во образованието во моментот?



Како клучни проблеми, испитаниците ги наведуваат *недоволната практична настава* - 25.3%, *неусогласеноста на наставата со пазарот на труд - 22%, несоодветните материјали за учење* - 18.7%, *неподготвеноста на наставниот кадар* - 15% и *несоодветниот наставен кадар* - 15%.

### Недостиг на практична настава (според возраст)




Од анализата на податоците може да се забележи дека 38.5% од младите на возраст меѓу 25-29 години се мнозинството што ја посочува *недоволната практична настава* како проблем во образованието, со 33.6% од испитаниците на возраст од 20-24 години и 27.9% од најмладите (15-19 години).

**Втората група прашања беа поставени само на оние учесници кои се моментално вклучени во образовниот процес, во средно училиште односно факултет.**

### Прашање 6: Колку време поминувате учејќи по завршување на наставата?



Во однос на ова прашање, 34.4 % од младите учат околу еден час во текот на денот по завршувањето на наставата, речиси 28% од младите учат околу два до три часа, 21.1% се посветени на учењето повеќе од три часа, а 16% од нив помалку од еден час во денот.

### Прашање 7: Дали во изминатата година сте биле вклучени во обуки и дополнување на вашето знаење надвор од вашата образовна институција?




Голем процент, односно речиси 64% од младите луѓе досега повеќепати биле вклучени во обуки и активности за дополнување на нивното знаење надвор од наставата и нивната образовна институција, а дополнителни 6% истакнале дека досега немале можност, но би сакале тоа да го направат во иднина. Сепак, значаен процент од 29.70% од младите изјавиле дека досега немале можност, но немаат ниту интерес тоа да го променат во иднина.

**Прашање 8: Оценете колку сметате дека е важно да се посетуваат обуки за надополнување на образованието надвор од наставата? (1 воопшто не се согласувам, 5 целосно се согласувам)**




Речиси 59% од младите целосно се согласуваат дека обуките надвор од редовната настава се важни за дополнување на знаењето. Може да се забележи дека од вкупните испитаници ниту еден нема наведено дека обуките за дополнување на знаењето не се важни за развојот на една млада индивидуа. Оценка 2 дале 2.2%, оценка 3 - 12%, оценка 4 - 27.20%.

Некои од изјавите од младите луѓе:

- *„Самото образование не ни помага да изградиме животни вештини кои се бараат на интервјуата за работа и затоа дополнителните обуки се корисни за нашата самодоверба и за тоа како се претставуваме пред потенцијалните работодавци."* (Ведрана, 19)
- *„Потребни ни се модерни обуки кои одговараат на модерното живеење, а кои можат да го надополнат знаењето кое го добиваме на училиште."* (Петар, 16)
- *„Обуките се важни, но сами по себе не се доволни без љубопитноста на една млада личност и нејзината желба и волја да истражува."* (Тифани, 23)

### Прашање 9: Дали во вашата образовна институција се нудат можности за обуки и вонучилишни активности по завршување на наставата?




Дополнително на наведените проценти во графиконот 9, дискусиите во фокус групите и интервјуата посочуваат на потреба и очекувања од страна на младите, тие за вакви дополнителни активности да бидат информирани од страна на училиштето, особено за животните вештини, за кои немаат можност да ги усовршат во рамки на формалното образование.

- *„Јас имам посетено неколку обуки кои беа организирани од младинска организација во моето место на живеење. Би сакал да посетувам повеќе од нив, дури и надвор од државата, но мислам дека единствената можност за тоа е преку организациите."* (Арта, 18)
- *„Ваквите обуки се суштински за нашиот развој како личности и ни помагаат да се запознаеме себеси, но и да утврдиме што треба да менуваме кај себе за да бидеме подобри. Јас немам посетено никаква обука досега бидејќи не сум имал информација за тоа, но би сакал тоа да го променам во следните неколку месеци." (Славе, 22)*

**Прашање 10: За какви дополнителни активности надвор од наставата сте лично заинтересирани?**




Најголем дел од младите, односно 31.5% се заинтересирани за *курсеви и обуки* надвор од наставата, 27.2% од нив ги избираат *младинските размени во странство*, додека пак 18.8% истакнуваат дека би сакале да бидат вклучени во *работилници*. Потоа следуваат *камповите* избрани од 8.70% од младите, *волонтерските активности* (7.20%), додека пак 6.6% од младите не се заинтересирани за ништо од наведеното.

## Дополнителни активности по завршување на наставата (место на живеење)



Во графиконот 10.1 се прикажани разликите во ставовите на младите во однос на местата на живеење (урбана и рурална средина). Во таа насока, поголеми разлики се забележуваат кај работилниците, каде од вкупниот број на млади луѓе кои ја избрале оваа опција, дури 61% доаѓаат од рурална средина, за разлика од 39% од младите од урбана средина. Меѓу останатите опции, не се забележуваат значителни разлики меѓу младите од урбаните и руралните средини.

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Просечната оценка која младите ја даваат на формалното образование во нашата држава е 3.5.

- Мнозинството од младите ја даваат средната оценка 3 за поддршката која ја добиваат од професорите и вработените во нивната образовна установа.

- За половина од испитаниците денот поминат во образовната установа е лесен и забавен.
-
- Според 1/4 од испитаниците, недостатокот на практична настава е најголемиот проблем во образованието.

- Најголем дел од младите посветуваат околу еден час на учењето по завршување на наставата.

- 64% од младите досега повеќепати биле вклучени во обуки надвор од формалниот образовен процес.

- Испитаниците од женски пол покажуваат поголем интерес за посета на обуки, за разлика од машките испитаници.

- Повеќе од половина од испитаниците (59%) се согласуваат дека обуките надвор од редовната настава се важни за дополнување на знаењето.

- Кога станува збор за дополнителните активности надвор од наставата, најголем дел од младите од урбана средина се заинтересирани за курсеви и обуки, додека пак младите од рурална средина покажуваат најголем интерес за работилници каде можат да ги применат и унапредат своите вештини.

# 2 Младинско информирање

Низ својата транзиција кон самостојност, младите луѓе носат одредени одлуки кои имаат огромно влијание на нивниот живот. Затоа и квалитетното младинско информирање е значајно за нив, да ги остварат своите права, да носат информирани и одговорни одлуки, но и да учествуваат во општествените процеси на локално, национално и меѓународно ниво.

Младинското информирање е област која постојано се менува под влијание на различни фактори. Тоа може да се опише низ низата активности кои постојат во различни рамки, а се имплементирани и овозможени од страна на релевантните чинители во областа на младинското информирање. [1].

### Прашање 1: Како ги добивате информациите кои се од значење за младите?






[1]Извор: https://www.eryica.org/

Од графиконот може да се забележи дека голем процент, односно 68.4% од младите ги користат социјалните мрежи како главно место каде се информираат за прашањата кои се значајни за нив. Дополнително, 19.4% ги користат интернет порталите, 8.2% од младите луѓе истакнуваат дека се информираат од своите другари и врсници, а само 2% од младите луѓе тоа го прават преку телевизиските канали.

Некои од заклучоците на младите луѓе посочуваат на следното:

- *„За мене, денот почнува со комбинација, односно проверка на социјалните медиуми, а потоа и интернет порталите. Главно, се информирам од социјалните медиуми, но доколку сакам подетални информации ги користам интернет порталите за да дознаам повеќе.* " (Атина, 26)
- *„Социјалните мрежи се мојот прв и единствен избор и место каде можам да дојдам до релеватни информации, но не сум секогаш сигурен дека тие се точни.* " (Димитрија, 17)
- „Информациите ги добивам од сите наведени извори, но многу ретко од весниците и радиото, највеќе поради тоа што мислам дека таму нема информации кои се важни за младите." (Тина, 15)

## Прашање 2: Кој е најголемиот предизвик на младите во однос на младинското информирање?



Најголемите предизвици во однос на младинското формирање за младите се : *неточните информации* (33.7%), *апатијата и незаинтересираноста на младите* (32.7%), потоа *непостоењето на сервиси за информирање на младите* (18.4%). Некои од заклучоците во фокус групите се:

- *„Со постоењето на соодветен сервис за информирање би се надминал проблемот со лажните вести и би имале можност да дојдеме до сите информации кои ни се важни, а кои се точни."* (Ненад, 17)
- *„Иако не постои еден единствен сервис, различни организации нудат информации за обуки и обрнуваат внимание на темите на младите, но моите врсници се незаинтересирани за нив."* (Викторија, 18)
- *„Лажните вести се најголемиот проблем во денешно време и потребни се здружени напори да се надмине тоа. " (Антонио, 17)*

### Прашање 3: Дали сметате дека во вашето место на живеење недостасува младински информативен сервис каде би можеле да се информирате за она што ви е важно?




Мнозинството млади, односно 76.3 % сметаат дека во нивното место на живеење недостасува сервис за младинско информирање, 9.3% од нив не се согласуваат со тоа, додека пак 14.4% од испитаниците немаат мислење во однос на ова прашање.




Може да се забележи разлика во размислувањата меѓу младите кои живеат во Скопскиот плански регион, каде 42.9% сметаат дека недостасува младински сервис во главниот град, додека пак 29.7% го имаат спротивното мислење (дека постои таков сервис), а дополнителни 27% не знаат или немаат мислење.

За разлика од тоа, во Североисточниот плански регион, дури 94.5% од младите посочуваат дека недостасува младински сервис, слично на 86.6% од испитаниците во Југозападниот регион. Во Источниот плански регион, таа бројка изнесува 79%, во Југоисточниот 84.2%, во Полошкиот 83.7%, во Вардарскиот е 76.7 %, и во Пелагонискиот 62.7%.

### Прашање 4: Кои се најчестите содржини за кои би сакале да се информирате?



Во однос на содржините кои им се важни на младите, најголем дел од испитаниците, односно 27.6% се заинтересирани за *младински обуки во странство*, а најмал број од нив за *политички содржини*(3.2%) и *меѓународни вести* (3%). Значителни 16.3% ги истакнуваат *позитивните вести за иновации и добри практики*, додека пак 14% од испитаниците сметаат дека за нив значајни се содржините поврзани со *обуки за подобрување на вештините*.

### Прашање 5: Колку често користите интернет во текот на денот?




Дури 53 % од учесниците во истражувањето изјавиле дека поминуваат повеќе од пет часа на интернет во текот на денот, споредено со 30.6% - три часа, 11.2% - околу два часа и 5% - помалку од еден час во текот на денот.

### Повеќе од пет часа (според возраст)




Можеме да забележиме значајни разлики меѓу трите возрасни групи, односно податоци кои покажуваат дека одговорот *„повеќе од 5 часа во денот"* го дале 67.2% од вкупниот број на млади на возраст од 15-19 години, потоа 47.1 % од учесниците на возраст од 20-24 години и многу помал процент (21.5%) меѓу учесниците од 25-29 години.

## Прашање 6:  Колку често гледате телевизија во текот на денот?




Речиси 83% од вкупниот број испитаници изјавиле дека телевизија гледаат помалку од еден час во текот на денот, 10.2% - два часа, 3.1% околу три часа и 4% - повеќе од пет часа во текот на денот.

Овие податоци се дополнети и со изјавите на некои од испитаниците:

- *„Телевизорот е само во позадина во дневната соба и најчесто е вклучен на музичките канали*." (Марина, 25)
- *„Ги следам сите серии и филмови на мојот лаптоп и немам потреба од телевизор, но некогаш ја следам програмата само поради тоа што телевизорот е вклучен во мојот дом од страна на моите родители.*" (Гент, 22)
- *„Го вклучувам телевизорот веднаш штом се разбудам и тоа за мене претставува дневна навика." (Даница, 28)*

## Прашање 7:  Колку често слушате радио во текот на денот?



Дури 72% од младите не слушаат радио во текот на денот, споредено со 19.8% - еден час, 1% - два часа, 7.20% - три часа во текот на денот.

### Слушање радио во текот на денот (според возраст)




Ако се анализираат податоците од младите луѓе кои изјавиле дека слушаат радио во текот на денот, се забележуваат разлики меѓу возрасните групи, каде најмал е процентот на младите на возраст од 15-19 години (22.1%), а најголем кај младите од 25-29 години (35.2%).

Ваквите податоци се дополнуваат и се и во слична линија и со изјавите:

- *„Слушам радио во автомобил на пат од дома до работа и секогаш е пуштена истата радио станица."* (Војдан, 25)
- *„Додека ги подготвувам испитите, радиото ми е секогаш пуштено во позадина, тоа ми помага да се опуштам."* (Марија, 20)
- *„Не слушам радио, туку ги користам платформите за слушање музика, тоа ми е најлесно."* (Сања, 16)

### Прашање 8: Колку често читате весници и списанија?

Графикон 18: весници



Најголем дел од младите, односно 80.6% од нив изјавиле дека речиси никогаш не читаат весници и списанија, 25% - само повремено, 3% - често и 1% - секој ден.

### Прашање 9: Колку сметате дека медиумите обрнуваат внимание на содржините за млади во нивната програма?




На прашањето колку медиумите обрнуваат внимание на содржините за млади во нивната програма, 59.2% од младите истакнале дека тоа е недоволно, наспроти 9.2% кои сметаат дека медиумите обрнуваат големо внимание на содржините за млади. Од вкупниот број испитаници, 17.3% сметаат дека тоа е недоволно, а 14.3% немаат став.

- „*Медиумите обрнуваат внимание на содржините за млади, но кога пренесуваат вести кои се наменети за младите, често ја вклучуваат само едната страна. Така, немаме точни информации која е вистината.*" (Моника,22)
- „*Во медиумите недостасуваат дебатни програми, емисии во кои ќе се пренесуваат и слават постигнувањата на успешни млади од нашата држава.*" (Егон, 19)
- „*Иако вестите и турските серии се најгледани во нивниот простор, телевизиите сепак имаат голема одговорност за развојот на младите и тие треба да се свесни за тоа*". (Сара, 24)

### Прашање 10: Оценете го квалитетот на информациите кои се наменети за младите во медиумите? (1 е најниско, а 5 највисоко)




На последното прашање од оваа област, 12.2% од младите даваат *оценка 1*, 28.6% даваат *оценка 2*, потоа *оценка 3* е дадена од страна на 45.4% од испитаниците, *оценка 4* даваат 11.2%, додека пак само 2.% ја избираат највисоката *оценка 5*. Притоа, може да се пресмета просечна оценка од 2.6 (M=2.6).

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Речиси 90% од младите луѓе до информициите доаѓаат преку социјалните мрежи и интернет портали.

- Најголемите предизвици во однос на младинското информирање се: неточните информации и апатијата и незаинтересираноста на младите.

- 76% од младите сметаат дека во нивното место на живеење недостасува сервис за младинско информирање.

- 42% од младите во главниот град сметаат дека во нивниот град недостасува младински информативен сервис, додека пак тој процент во Североисточниот плански регион изнесува 94.5%.

- Најголем дел од младите луѓе се заинтересирани за информации поврзани со младински обуки и размени во странство.

- 67% од младите на возраст од 15-19 години дневно минуваат повеќе од пет часа на интернет.

- 72% од младите не слушаат радио во текот на денот, а 80.6% никогаш не читаат весници и списанија.

- Информациите кои се наменети за младите во медиумите се оценети со просечна оценка 2.6.

# 3 Квалитет на живот

Светската здравствена организација го дефинира квалитетот на живот како перцепција на една личност за нејзината положба во животот во контекст на културата и системите на вредности во кои живее, но и во однос на нејзините цели, очекувања, стандарди и грижи [2].

Квалитетот на живот е поврзан со општата благосостојба на младите луѓе, но, може да биде и многу субјективен. Тој во себе вклучува многу различни фактори и елементи од кои дел се мерливи, како што се економската состојба и животниот стандард, но и немерливи - благосостојбата, среќата, човековите права, слободата во изразување и делување и тн.

### Прашање 1: Кој е најголемиот проблем со кој соочувате во моментот?

Графикон 20: моментални предизвици и проблеми






[2]Извор: https://www.who.int/

Од добиените резултати може да се забележи дека 30% од младите сметаат дека најголемиот проблем е тоа што *немаат доволно можности за развој*, потоа следат 20.5 % кои го посочуваат *недостатокот на културни и спортски активности* во нивното место на живеење, 12.3% од младите изјавиле дека тоа е *невработеноста и/или економските проблеми*, 12.1% сметаат дека најголемиот проблем за нив е *недостатокот на поддршка од околината.*

### Недостаток на поддршка од околината (етничка припадност)




Статистички значаен е податокот во однос на етничката припадност, каде само 3.8% од Албанците, споредено со 14.2% од Македонците ја избрале наведената опција.

### Недостаток на поддршка од околината (пол)




Разлики постојат и во однос на полот, каде се забележуваат значајни 61.2% од-женската популација наспроти 32.8% - машки испитаници, кои ја избрале оваа опција.

### Прашање 2: Како го минувате своето слободно време?

Графикон 22: слободно време




На прашањето во однос на слободното време, не постојат значајни разлики во наведените одговори.

Некои од изјавите во фокус групите посочуваат на потребите на младите во оваа област:

- *„Книгите се најдобриот начин за да се опуштам, но имам желба за голема модерна библиотека како во сите големи градови, каде можам да ги најдам сите нови книги, но и тоа да е просторот каде ќе се релаксирам."* (Цеце, 27)
- *„Ми се допаѓа трендот на поставување справи за вежбање во јавниот простор кои се лесно достапни за сите и се надевам дека таквите проекти ќе продолжат и во иднина."* (Харис, 26)
- *„Дружењето со пријателите ме полни со позитивна енергија и најчесто времето го минуваме во кафуле, но би сакал да постојат повеќе простори за млади кои се бесплатни."* (Симон, 18)

## Прашање 3: Дали планирате да се отселите од вашата држава во следните две години?

Графикон 23: отселување од државата




Најзастапен одговор меѓу испитаниците е  можеби некогаш во иднина" (36.7%, по што следи „планирам да заминам засекогаш" (26.5%), потоа „планирам да се отселам на некое време" (20.4%) и „немам план за тоа" (16.4%).

### Планирам да заминам засекогаш (плански региони)

Кај потпримерокот на млади кои истакнале дека би сакале да заминат засекогаш, дистрибуцијата на одговорите посочува дека таквата желба е најголема кај младите луѓе  од Источниот регион (37.9%), а најмала кај младите од Полошкиот регион (19.5%).

### Планирам да заминам засекогаш (возраст)



Следејќи ги податоците по возрасните групи, процентот е најголем кај младите на возраст 20-24 години, а најмал кај младите на возраст 15-19 години.

### Прашање 4: Каков е вашиот однос со вашите родители/старатели?




Значителен процент од 58.2% од младите посочиле дека имаат одличен однос со своите родители/старатели, а 9.2% од младите односот со родителите/старателите го оценуваат како ниту добар, ниту лош.

### Прашање 5: Кој е најважниот фактор за среќен живот, според вас?



Речиси секој втор испитаник посочува дека *вложувањето во себеси* е најважниот фактор за среќа, додека пак 17.3% од младите сметаат дека тоа е *поддршката од семејството*, потоа следуваат 13.6% кои ги посочуваат добрите пријатели, а сличен процент (13%) сметаат дека *финансиите* се најважен фактор за среќа.

- *„Кога вложуваме во себеси знаеме дека никој не може да ни го одземе тоа и тогаш, нашиот успех зависи од самите нас. Но, јас би додала дека финансиите се исто така важен предуслов за среќен живот*." (Ана, 21)
- *„Поддршката од семејството е темел на здравиот развој и водилка низ животот, без неа не би можела ништо да постигнам.*" (Нора, 28)
- *„Сите фактори се подеднакво важни и не можат да се одвојат еден од друг, бидејќи тие се равенката за квалитетен живот, но кога морам да одбирам, на прво место би ги ставил добрите пријатели.*" (Иво, 16)

## Прашање 6: Дали условите во кои живеете ви овозможуваат да имате среќен живот?

Графикон 26: услови за среќен живот




Секој втор млад човек смета дека условите во кои живее му овозможуваат среќен живот, *„но само во одредени аспекти од живееењето"*, 38.8% од младите изјавиле *„ да, во голема мера*", 6.7% велат *„не*" и 3.3% *„ воопшто не*".

**Да,во голема мера (етничка припадност)**




Дистрибуцијата на податоците во однос на одговорот„ *да во голема мера*" покажува значајни разлики во однос на етничката припадност, каде овој одговор е даден од повеќе од половина од Албанците (70.2%), Македонците (57.1%) и само 24.9 % од другите групи. Во однос на другите варијабли, не се забележуваат статистички значајни разлики.

### Прашање 6: Која од следните теми е најважна за подигнување на квалитетот на живеење во нашата држава?




Графиконот покажува дека 46.9% од младите сметаат дека доброто *образование и можноста за работа* се најважни, споредено со *намалување на корупцијата* (19.4%), *толеранција и почитување на различностите* (12.2%), *почитување на човековите права* (9.2%), и на крајот *чиста животна средина* (8.3%).

Некои од изјавите на младите се во однос на ова прашање се:

- *„Корупцијата постои секаде и од неа зависат сите останати области. Кога би се намалила корупцијата, лесно би можеле да се запишеме на факултет, да се вработиме на соодветно работно место според нашата струка, па и да дишеме чист воздух и да живееме во чист град."* (Гетоар, 16)
- *„Луѓето можат да имаат многу нешта, но толеранцијата зависи од домашното воспитување и од тоа колку сме свесни дека тоа што го прават другите луѓе не треба да е наша тема на интерес."* (Изабела, 24)
- „ Доброто и квалитетно образование е основно човеково право кое не смее да се занемари во современите општества. Кога институциите забораваат на тоа, забораваат на младите луѓе." (Анкица, 29)

### Прашање 8: Дали практикувате спорт во своето слободно време?




Испитаниците беа прашани и дали практикуваат физички активности и спорт во слободното време, а дистрибуцијата на одговорите е прикажана во графиконот 18. Тука можеме да забележиме дека 30.8% од нив практикуваат физичка активност *редовно, но рекреативно*, 30.6% *само кога имаат време*, 18.4% - *никогаш*.

Графикон 28.1: спорт во слободното време (статус)




Дистрибуцијата на податоците по статус покажува дека *редовното практикување спорт* е најзастапено кај учениците (44.2%), студентите (44%), со помал процент кај вработените (37.1%) и најмал кај невработените (25.9%). *Професионалното спортување* е најзастапено кај учениците (17.8%), а најмало кај вработените (8.20%). Најголем процент од невработените истакнуваат дека се занимаваат со физички активности и спорт *само кога имаат време* за тоа (55.20%).

## Прашање 9: Дали во изминатите 6 месеци сте биле изложени на психичко или физичко насилство од своите врсници?

Графикон 29: Насилство кај младите луѓе



Во однос на прашањето за насилството кај младите луѓе, најзастапен одговор е „ *не*" (54.1%), но загрижувачки се податоците дека 20.5% од младите биле изложени на психичко насилство, 10.1 % на физичко насилство, додека пак 2.5% и на едното и на другото. Значајно е да се посочи и дека речиси 13% од испитаниците одбиле да дадат одговор.

Евидентирани се одредени статистички разлики  во однос на возрасните групи, каде е забележливо дека насилството е почесто кај младите луѓе на возраст од 15-19 години.

**Психичко насилство (возраст)**




Податоците покажуваат дека 32.1% од младите од 15-19 години се соочиле со психичко насилство во изминатите шест месеци, за разлика од 13.1 % од втората возрасна група (20-24) и 16.3% од третата возрасна група (25-29).

**Физичко насилство (возраст)**




Физичкото насилство е исто така најприсутно во истата возрасна група 15-19, односно  кај 17.6% од испитниците, а најретко во возрасната група 25-29, односно 3.6% од нив.

### Прашање 10: Дали во изминатите 6 месеци сте биле изложени на дискриминација?




Податоците покажуваат дека во изминатите шест месеци, 24.3% од младите *биле изложени на дискриминација*, за разлика од 67.3% кои изјавиле дека *не биле* и 8.4% кои *не сакаат да одговорат*.

Подолу се некои од изјавите во рамки на фокус групите:

- *„Не сум била изложена на дискриминација, но знам мои блиски кои биле. Мислам дека проблемот е што тоа е тешко да се пријави и докаже*". (Марија, 15)
- *„За да можеме да кажеме дека сме биле изложени на дискриминација, треба прво да бидеме едуцирани како да ја препознаеме и како да се справиме со неа.*" (Никола, 17)
- *„Како претставник на ЛГБТ популацијата, за мене дискриминацијата се случува на дневно ниво, но со време научив дека некои работи треба да ги кријам од другите. Тоа не е правилно, но така е во нашето општество." (Николај, 23)*

# ЗАКЛУЧОЦИ

- 30% од младите сметаат дека немаат доволно можности за развој во државата.
- Речиси секој трета млада личност би сакала да се отсели во странство, некогаш во иднина.
- Половина од младите сметаат дека условите во кои живеат им овозможуваат среќен живот, но само за одредени аспекти.
- Желбата за заминување во странство (засекогаш) е најчеста кај младите од Источниот регион, а најмала кај младите од Полошкиот регион.
- 60% од младите својот однос со родителите/старателите го оценуваат како одличен.
- Секој втор испитаник смета дека најважниот фактор за среќа е вложувањето во себеси.
- Мнозинството млади сметаат дека доброто образование и можноста за работа се најважен фактор за подигнување на квалитетот на живот на младите.
- Рекреативното бавење со спорт е најчесто кај учениците и студентите, а најретко кај невработените млади.
- 20% од младите биле изложени на психичко, а 10.1% на физичко насилство во изминатите шест месеци.
- Психичкото и физичкото насилство се најчести кај младите на возраст од 15-19 години.

# 4 Култура

Културата претставува збир на различни духовни, материјални,интелектуални и емоционални карактеристики на едно општество или социјална група, а е составен не само од уметност и литература, туку и животни стилови, начини на заедничко живеење, системи на вредности, традиции и верувања (UNESCO, 2001).

Таа го збогатува животот на младите луѓе на многу начини - ја поттикнува креактивноста, ја намалува поделеноста меѓу младите луѓе во различни области и им помага да ги развиваат своите таленти и интереси, но и да го остварат својот потенцијал.

**Прашање 1: Дали сметате дека во вашето место на живеење се нудат доволно културни активности?**

Графикон 31: Културни содржини за младите



Најголем е процентот на младите луѓе кои посочуваат дека во нивното место на живеење ретко се нудат културни содржини кои се наменети за младите (39.8%), 27.6 % - *многу ретко*, 17.3% - *речиси никогаш*, 15.3 % - *често*.

Можат да се забележат значајни статистички разлики меѓу младите од Скопскиот плански регион и останатите региони, со што секоја втора млада личност од Источниот и Југоисточниот регион одговорила дека во нејзиното место на живеење културните содржини за млади се многу ретки, односно не им се понудени на младите речиси никогаш.

Во однос на ова прашање, младите ги дадоа следните изјави:

- *„Јас живеам во мало место во Источниот регион, каде не само што не се нудат културни содржини, за нас младите, туку и воопшто немаме култура*." (Дејан, 27)
- *„Културните содржини постојат, но тие не се соодветни за младите. Имам впечаток дека не постои стратегија за да се привлечат младите." (Кире, 23)*
- *„Сите ние ја доживуваме културата на различен начин, а тоа е нешто што оние кои ги водат културните институции треба да го имаат предвид при креирањето на содржините." (Никола, 22)*

### Прашање 2: Какви културни институции и настани посетувате најчесто?



Во рамки на прашањето за културните содржини кои им се најинтересни на младите, дистрибуцијата на одговорите покажува дека 34.7% ги одбираат *концертите*, 25.5%  - *кино*, 18.4% - *театар*, 5.1% - *изложби*, а 2% - поетски читања и фестивали на книгата. Значаен е и процентот од 14.3% кои изјавиле дека *не посетуваат културни настани.*

### Прашање 3: Какви културни институции и настани недостасуваат во вашата околина?




Во однос на  културните содржини кои им недостасуваат на младите во нивното место на живеење, најголем процент од нив (35.7%) ги избрале *концертите*, потоа следат *кино* (17.3%), *изложби* (13.2%), *театар* (9.2%).

### Концерти (пол)



Постојат одредени разлики во полот, каде интересно е да се забележи дека 45% од машките испитаници ги избрале концертите, споредено со 21% од женските испитанички, чии одговори се поразновидни и укажуваат на поинакви ставови.

### Прашање 4: Какви културни содржини ви се важни?




Речиси половина од младите луѓе претпочитаат *меѓународни културни содржини*, за разлика од 35.% кои ги преферираат *локалните или националните културни настани*. Значителен процент (17.3%) од младите немаат одговор на ова прашање.

Во фокус групите беа споделени следните ставови:

- *„За мене е празник секогаш кога добивам информација за странски уметник кој доаѓа во нашата држава."* (Тино, 19)
- *„Меѓународните културни настани и уметници не секогаш значат поголем квалитет, но се важни за нашата генерација која се идентификува со нивното творење."* (Петра, 16)
- *„Јас доаѓам од мала општина и за мене е важно да има локални, национални, регионални, меѓународни...секакви настани и немам никаква преференција во однос на тоа, важно е да се квалитетни."* (Димитар, 26)

## Прашање 5: Колку често читате книги во текот на годината?

Графикон 35: читање книги




Презентираните податоци во графиконот покажуваат дека 36.7% од младите изјавиле дека *често читаат книги*, 20.4% - *постојано*, 29.6% *ретко*, а 13.3% од младите *речиси никогаш не читаат книги*.

Графикон 35.1: навики за читање книги (плански региони)




Разликите меѓу планските региони се забележливи, па така на пример, Скопскиот (42.1%) и Пелагонскиот регион (35.3%) се во предност во споредба со останатите региони кога станува збор за младите кои изјавиле дека постојано читаат книги.

Од друга страна, меѓу испитаниците кои изјавиле дека никогаш не читаат книги, процентот е најголем во Источниот (23.1%) и Североисточниот регион (20%). Во Североисточниот регион интересно е да се посочи и големиот процент на млади кои „*често читаат книги*" што е најзастапениот одговор меѓу учесниците во истражувањето.

### Постојано читам книги (пол)




Вкрстувањето на податоците ни покажува и разлики во однос на полот при понудената опција „*постојано читам книги*" која е избрана од 39.2% од женската популација, но само 7% од машката популација.

### Прашање 6: Дали во вашето место на живеење постои културен центар?




Во однос на постоењето на културен центар , 60% од младите изјавиле дека постои културен центар, 23.5% од нив дале негативен одговор на ова прашање, а 18.3% не знаат дали во нивното место на живеење постои таков центар.

### Прашање 7: Доколку постои културен центар, кога последен пат сте го посетиле?

Графикон 37: Посета на културен центар




Од младите кои одговориле дека во нивното место на живеење постои културен центар (N=698), 37.8% изјавиле *дека го посетиле во изминатите неколку месеци*, 23.5% - *изминатите две недели*, 23.5% - *одамна,* 7.1% - *минатата година* и 6.9% *никогаш/не се сеќаваат.*

Посебно важно е да се забележи дека од оние кои изјавиле дека го посетиле културниот центар живеење во текот на изминатите две недели, 82.3% се од Скопскиот регион.

### Прашање 8: Дали во изминатите 12 месеци сте биле вклучени во аматерски културно-уметнички активности како организатори или учесници?

Графикон 38: учество во аматерски културно-уметнички активности



Податоците кои се прикажани ни покажуваат дека 66.3%  - *не биле*, споредено со 33.7% кои изјавиле дека *биле дел* од културно-уметничка активност како организатори или учесници.

### Учество во културно - уметнички активности (пол)




Повторно забележуваме разлики во однос на полот, каде 45.2% од женските испитанички го потврдиле своето учество, за разлика од 22.1% од машките испитаници.

### Прашање 6: Дали би учествувале во аматерски културно-уметнички активности како организатори или учесници, доколку имате можност за тоа?

Графикон 39: мотивација за учество во аматерски културно-уметнички активности




Податоците покажуваат дека 77.6% би учествувале во вакви активности доколку би имале можност за тоа, наспроти 22.4% кои немаат интерес.

### Прашање 10: Колку сметате дека културата е важна за развојот и квалитетот на живот на една млада личност?

Графикон 40: важност на културата за развојот и квалитетот на живеење за младите




Значајни 85.7% сметаат дека културата е важна за развојот и квалитетот на живот на една млада личност, 2% не веруваат во тоа, а 12.2% немаат мислење. Не се забележуваат значајни статистички разлики во однос на ова прашање.

# ЗАКЛУЧОЦИ

- За 40% од младите, квалитетните културни содржини се ретки во нивното место на живеење.

- Од културните содржини, за младите најинтересни се концертите и сметаат дека тие најверќе недостасуваат.

- Младите од Скопскиот и Пелагонскиот регион читаат најверќе книги во споредба со нивните врсници од останатите региони.

- 77.6% од младите би учествувале во културно-уметнички активности доколку би имале можност за тоа.

- Значајни 87.5% се согласуваат дека културата е важна за развојот и квалитетот на живот на една личност.

# 5 Здравје

Здравјето претставува состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или на телесни недостатоци[3].

Со оглед на тоа дека младите се широка, но и сензитивна категорија која се соочува со различни потреби и предизвици, здравјето е една од најважните теми за нивниот развој.

Така, младите луѓе на возраст од 15-29 години се во специфична фаза во која имаат можност да ги постават основите на доброто здравје и здравите навики, но често е потребна поддршка од околината и засегнатите страни. Освен тоа, на младите луѓе им е потребен и пристап до редовни прегледи, советување и насочување со цел да носат информирани одлуки за одржување на доброто здравје и негово континуирано подобрување.

### Прашање 1: Како би го оцениле своето севкупно здравје?






[3]Извор: https://www.who.int/

Речиси половина од испитаниците го оценуваат своето здравје како *многу добро*, додека пак 2% - *многу лошо*, 17.3% - *просечно*, 31.6% - *одлично*. Така, средната е оценка **4**. (M=4.08).

## Прашање 2: Како би го оцениле своето ментално здравје?




Најголем дел од испитаниците (38.8%) даваат *оценка 4*, 26.5% - *оценка 5*, 23.5% - *оценка 3*, 23.5% - *оценка 2* и 3.1% *оценка 1*. Притоа, добиена е средната оценка **3.77** (M=3.77).

## Прашање 3: Каков е вашиот однос кон цигарите?



Повеќе од една третина изјавиле дека никогаш немаат пробано цигара, 26.5% имаат пробано само неколку пати, 20.4% се пушачи, а 9.2% престанале да пушат неодамна. Сепак, овие податоци треба да се набљудуваат претпазливо и со резерва со оглед на начинот на изведување на интервјуата, лице в лице.

**Пушач сум (според возраст)**




Ако се набљудува одделно популацијата која дала одговор „пушач сум" (N=245), дополнителната дистрибуција на податоците по варијаблата пол покажува најголем процент на пушачи меѓу младите на возраст 20-24 години(29.4%),  а најмал, но не и незабележлив процент (13.5%) кај најмладата група, од 15-19 години.

### Прашање 4:  Дали во изминатите 30 дена сте консумирале алкохол?

Графикон 44: консумирање алкохол



Половина од испитаниците дале потврден одговор, односно изјавиле дека консумирале одговор во изминатите 30 дена. Понатаму, 36.4% дале негативен одговор, 2% не се сеќаваат, а 1% одбиле да одговорат.

### Консумирале алкохол во изминатите триесет дена (пол)




Разлики се забележуваат во однос на полот, каде половина од машките испитаниците одговориле со „да" на ова прашање, споредено со 34.2% од женските испитаници.

### Прашање 5: Дали во изминатите 30 дена сте консумирале психоактивни супстанци (дрога)?

Графикон 45: психоактивни супстанци



Најголемиот број испитаници (81.4%) изјавиле дека не консумирале психоактивни супстанци во изминатите 30 дена, 10.4% дале потврден одговор на ова прашање, 7% одбиле да одговорат на ова прашање, а 1.2% не се сеќаваат.

### Консумирале психоактивни супстанци во изминатите триесет дена (возраст)




Дополнителната анализа на податоците во рамки на варијаблата возраст, од испитаниците кои дале потврден одговор на ова прашање, покажува дека најголем дел (13.8%) се на возраст од 15-19 години, 10.1% се на возраст од 20-24 години, а 7.2% се во третата категорија, на возраст од 25-29 години.

### Прашање 6: Кое е вашето мислење зошто младите почнуваат да консумираат алкохол, цигари и психоактивни супстанци (дрога)?

Графикон 46: зошто младите почнуваат да консумираат алкохол, цигари и психоактивни супстанци



Значителен процент од 38.8%  ја наведуваат *љубопитноста* како главен фактор, 28.6%. го посочуваат *незадоволството од сопствениот живот*, за 23.5% тоа е *притисокот од околината*, а 7.1% од младите изјавиле дека *не знаат* зошто е тоа така.

Некои од изјавите во фокус групите укажуваат на следното:

- „ *Желбата да се проба нешто ново што е различно од она што го познаваме е веројатно она што ги тера младите да почнат. Денешните генерации имаат пристап до содржини, како серијата Еуфорија која ги глорифицира ваквите појави и за младите луѓето, тоа е едноставно кул и интересно.*" (Александар, 26)
- „*Многу млади денеска имаат премногу слободно време во кое не се посветени на никакво хоби или физичка активност. Тоа комбинирано со притисокот од околината прави не само да пробаат, туку и да продолжат да земаат психоактивни супстанци.*" (Дијана, 28)
- „ Љубопитноста е клучен фактор за многу одлуки во животот на младите, особено во нивните средношколски денови, па така и во однос на оваа опасна појава." (Бисера, 16)

### Прашање 7:  Колку често се храните здраво?



Прикажаните податоци посочуваат дека речиси половина од младите се хранат здраво *неколку пати во неделата*, 36.7% - *секојдневно*, 10% - *еднаш неделно*, 3.1% - *еднаш месечно*, а преостанатите 2% - *никогаш*.

Графикон 47.1: здрава исхрана (плански региони)




Дополнителната анализа на податоците во рамки на варијаблата плански региони укажува на тоа дека при првиот одговор „ се хранам здраво секојдневно" со највисок процент се издвојуваат младите од Источниот и Југоисточниот регион, а процентот е најмал кај испитаниците од Скопскиот и Полошкиот регион. Имено, половина од младите во Југоисточниот регион изјавиле дека се хранат здраво секојдневно, а 38.4% додале дека се хранат здраво неколку пати во неделата.

Интересно е да се забележат и 37.2% од младите од Скопскиот регион , 47% од Полошкиот регион и 23.6% од младите во Североисточниот регион кои дале одговор „ еднаш месечно".

## Се хранам здраво секојдневно (возраст)



Во согласност со претходното, евидентирани се и разлики меѓу возрасните групи каде овој одговор е даден речиси од половина од испитаниците на возраст 25-29, 32.4% кај младите на возраст 20-24 и само 13.5% од младите на возраст 15-19.

### Прашање 8: Како би ја оцениле својата телесна тежина?




Најголем процент од учесниците во истражувањето (65.3%) ја оценуваат својата телесна тежина како *соодветна*, 16.7% како *прекумерна*, 13.3% наведуваат *недостаток на килограми,* а 4.7% одбиле да одговорат.

### Прашање 9: Како се справувате со стресните ситуации во вашиот живот?



Податоците покажуваат дека мнозинството млади со стресните ситуации се соочуваат *зависно од ситуацијата*, (39.8%), 17.6%. го одбрале *разговорот со пријателите*, потоа 17.3% - *разговор со членови на семејството,* 16% - *спортска активност и рекреација*, а 9.2% - *друго*. Ниту еден од испитаниците не одговорил дека не се соочува со стрес и стресни ситуации.

### Разговор со пријателите (пол)




### Спортска активност и рекреација (пол)




Воочливи се разликите во однос на полот, каде 2/3 од женските ја избрале опцијата „разговор со пријателите". Меѓу младите кои ја одбрале опцијата „спортска активност и рекреација", 76.1% се машки.

### Прашање 10: Колку често посетувате доктор?

Графикон 50: посета на доктор



Во однос на последното прашање од оваа област, половина од младите изјавиле дека посетуваат доктор *само кога имаат потреба*, 18.4% - *ретко*, 12.2% *редовно*, а 6.1% - *речиси никогаш*.

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Средната оценка која младите ја даваат за своето општо здравје е 4.

- Средната оценка која младите ја даваат за своето ментално здравје е 3.77.

- Повеќе од третина од испитаниците никогаш не пробале цигара, а 9.2% престанале да пушат неодамна.

- Бројот на пушачи е најчест меѓу младите на возраст од 20-24 години.

- Половина од испитаниците консумирале алкохол во изминатите 30 дена, а мнозинството од оние кои дале потврден одговор се од машки пол.

- Секој десетти испитаник изјавил дека консумирал психоактивни супстанци во изминатите 30 дена.

- Речиси половина од испитаниците изјавиле дека се хранат здраво неколку пати во неделата, каде со највисок процент се издвојуваат младите од Источниот и Југоисточниот регион.

- Женските испитаници се обидуваат да ги надминат стресните ситуации преку разговор со пријателите, а кај машките испитаници преовладува одговорот - спортска активност и рекреација.

# 6 Учество на младите и локална младинска работа

Според Законот за младинско учество и младински политики, *младинското учество* претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите. Во истиот закон, *младинската работа* е дефинирана како организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот на заедницата.

Во услови кога младите луѓе се соочуваат со високо ниво на предизвици и несигурност во однос на нивната иднина, тие треба да се активни чинители и партнери на институциите на локално и национално ниво со цел подобрување на политиките и мерките на делување.

### Прашање 1: Дали сте заинтересирани за учество во процесите на донесување на одлуки во нашата држава?

Графикон 51: учество во процеси на донесување одлуки



Кај првото прашање од оваа група, може да се забележи дека 38.3% од младите *се заинтересирани* да бидат вклучени во процесите на донесување одлуки. Спротивно на тоа, сличен процент од 35.7% изјавиле дека *немаат интерес за тоа*, додека пак 14.4% од младите би сакале да бидат вклучени *само за одредени теми и аспекти*, а 11.6% се изјасниле дека *немаат став*.

**Сакам да сум вклучен/а во процесите на донесување одлуки (возраст)**




Притоа, речиси половина од испитаниците на возраст од 20-24 години изјавиле дека имаат желба да бидат вклучени во процесите на носење одлуки, со 38.21% меѓу младите од 15-19 години и најмал процент меѓу младите од 25-29 години.

### Прашање 2: Дали сметате дека младите се соодветно вклучени во процесите на донесување одлуки на локално и национално ниво?

Графикон 52: вклученост во процесите на донесување одлуки



Може да се констатира дека дури 77.5% од испитаниците сметаат дека младите не се соодветно вклучени во процесите на донесување на одлуки, со 8.2% кои имаат спротивен став и 14.3% кои немаат мислење во однос на ова прашање. Притоа, не постојат статистички значајни разлики во однос на различните варијабли, но изјавите на младите во фокус групите укажуваат на следното:

- *„Младите можеби се вклучени како бројка во некои процеси, но во пракса тоа не изгледа така, бидејќи мерките и политиките не се скроени по наша мерка и според нашите очекувања*". (Вида, 23)
- *„Можеби не можеме директно да се сретнеме и да влијаеме на институциите, но тоа можеме да го направиме преку локалните организации во нашите места на живеење.*" (Агон, 17)
- *„Сум бил на средби со претставници од мојата општина и сум бил прашан што ми е потребно, но тоа уште не е реализирано. Веројатно, за некои процеси е потребно повеќе време.*" (Дејан, 24)

### Прашање 3: Дали членувате во невладина организација или неформална група?

Графикон 53: членство во невладина организација/неформална група




Речиси половина од испитаниците изјавиле дека *не членуваат во ниту една невладина организација или неформална групи, но би сакале да го сменат тоа.* Останатите 36.7% посочиле дека *се членови*, а 17.4% одговориле дека *не се и немаат желба за тоа.*

Забележлива е разлика во однос на полот, каде од оние што одговориле дека членуваат во невладина организација или неформална група, 65.9% се претставнички на женската популација.

### Прашање 4: Дали некогаш сте волонтирале во невладина организација?




Графиконот покажува дека 41.2% изјавиле дека *ниту еднаш не волонтирале*, споредено со 22.4% кои *волонтирале повеќепати*, 17.3% - *само еднаш*, 8.20% кои *досега не го направиле тоа, но би сакале* и 10.2% кои *немаат интерес за тоа*.

### Прашање 5: Дали некогаш сте биле вклучени во потпишување петиција, протест или средба со претставник на некоја институција?



Графиконот 55 ни дава информација за вклученоста на младите во потпишувањето петиција , протест или средба со претставник на институција, па така 36.8% изјавиле дека во тоа биле *вклучени повеќепати*, 12.4% - *само еднаш*, 30.6% - *не, но би сакале* и 20.3% кои *воопшто немаат желба за тоа*.

Графикон 55.1: потпишување петиција (плански региони)




Дополнителната дистрибуција на податоците по плански региони, покажува најголема активност во неколку региони каде првата опција *„да, повеќепати"* е избрана од дури 71.8% од испитаниците во Скопскиот регион, 48% во Североисточниот и Пелагонискиот регион и 40% во Полошкиот регион. Процентот на млади кои го избрале овој одговор е најмал во Источниот регион (11.8%), каде може да се забележи дека и речиси половина од младите изјавиле дека досега не биле вклучени во ваква активност, но би сакале тоа да се смени во иднина.

## Прашање 6: Дали сметате дека младинското учество и волонтерската работа се корисни за младите луѓе?

Графикон 56: младинското учество и волонтерската работа се корисни за младите луѓе



Значаен процент (78.6%) изјавиле дека сметаат дека младинското учество и волонтерска работа се корисни за младите луѓе, наспроти 4% кои не се согласуваат со тоа и 17.4% кои немаат став.

### Младинското учество и волонтерска работа се корисни за младите (возраст)




Од учесниците кои се согласиле со тврдењето дека *младинското учество и волонтерската работа се корисни за една млада личност*, најмал е процентот на младите на возраст од 15-19, а најголем меѓу оние на возраст од 25-29 години. Во фокус групите беа дадени следните изјави:

- *„Се приклучив во една од најголемите организации преку мојата сестра, но мислам дека моите врсници често ги немаат овие информации како да го направат тоа*." (Александар, 25)
- *„За волонтирањето научив од една посета во нашето училиште, но мислам дека повеќето мои врсници не обрнаа внимание на тоа*". (Арта, 18)
- *„Сакам да волонтирам и да го исполнам моето слободно време, но не можам да го направам соодветниот избор сама и потребно ми е насочување од возрасна личност*." (Габриела, 15)

### Прашање 7: Дали сте запознаени со работата на локалниот младински совет во вашата општина?

Графикон 57: локален младински совет



Половина од испитаниците *не знаат* дали постои локален младински совет во нивната општина, за разлика од 19.4% кои *знаат дека тој постои*, но не се запознаени со неговата работа, 9.2% кои се *одлично запознаени* и 17.3% кои имаат *одредени информации* за работата на локалниот совет за млади.

**Прашање 8: Дали сте запознаени со работата на локалните организации и националните младински организации во нашата држава?**

Графикон 58: запознаеност со работата на локалните организации и националните младински организации




Во однос на ова прашање, 41.8% од младите дале одговор дека не се запознаени, но би сакале да дознаат повеќе, 24.5% имаат одредени информации, 16.3% се запознаени во голема мера, а 17.3% немаат интерес за тоа.

**Прашање 8: Што сметате дека е причина за незаинтересираноста на младите за учество во работата на организациите за млади и волонтерски активности?**

Графикон 59: причина за незаинтересираноста на младите за учество во работата на организациите за млади и волонтерски активности



Може да се забележи дека 32.7% сметаат дека *апатијата и незаинтересираноста* се главна причина за недостатокот на нивна вклученост во младинските организации и општествени процеси, 24.5% веруваат дека причина за тоа се *други приоритети*, 21.4% го посочуваат *недоволното познавање на можностите кои тие ги нудат*, 12.2% причината ја гледаат во *недостатокот на слободно време*, а 9.2% веруваат дека тоа е поради *недоверба во работата на младинските организации*.

Воочливи се разликите меѓу младите во трите возрасни категории, каде мнозинството млади на возраст од 15-19 години како главна причина ја посочуваат апатијата и незаинтересираноста, а според младите на возраст од 25-29 години, причина за тоа се другите приоритети.

## Прашање 10: Доколку решите да се вклучите во локална младинска работа, која од следните теми би била најинтересна за вас?




Најголемиот дел од младите би се вклучиле во *помош на лица кои се сиромашни или на работ на сиромаштија* (22.3%), потоа *култура и спорт* (19.2%), *образование* (19.11%), *човекови права* (10.2%), *животна средина* (6.1%) и *друго* (12%).

# ЗАКЛУЧОЦИ

- 38.3% од младите се заинтересирани да бидат вклучени во процесите на донесување одлуки.

- 77.5% сметаат дека младите не се соодветни вклучени во процесите донесување.

- Речиси половина од испитаниците не членуваат во невладина организација/неформална група, но би сакале да го сменат тоа во иднина.

- Речиси 2/3 младите кои членуваат во невладина организација се од женски пол.

- 71.8% од младите во Скопскиот регион биле вклучени во протест, потпишување петиција или средба со претставник на релевантна институција.

- Половина од испитаниците не знаат дали постои локален младински совет во нивната општина.

- За 37.2% од младите, апатијата и незаинтересираноста се главната причина за невклученоста на младите во младинските организации и општествени процеси.

# 7 Вработување и поддршка пред вработување

Невработеноста кај младите е состојба на младите луѓе кои бараат, но не можат да најдат работа. Во таа насока, вработувањето не е поврзано само со процесите на економско осамостојување на младите, туку претставува и значаен чекор кон социјалната независност и можноста тие да бидат самостојни поединци, но и вклучени во општеството како активни и одговорни чинители.

Младинската (не)вработеност зависи од различни квалитативни и квантитативни фактори кои се дел од ситуацијата во самата држава, но глобализацијата и технолошките промени носат низа предизвици за младите особено во однос на потребата за брзо адаптирање на условите на пазарот и креирање вештини кои се важни за работодавачите.

## Прашање 1: Дали имате желба да започнете сопствен бизнис?

Графикон 61: интерес за започнување свој бизнис



Мнозинството млади (33.3%). се изјасниле дека *би сакале да започнат свој бизнис, но немаат можности за тоа*, споредено со 24.7% кои *ги испитуваат можностите и се на добар пат кон тоа*, 15.7% кои изјавиле *можеби некогаш во иднина* и 26.9% *немаат интерес за тоа*. Сепак, со сумирање на податоците од првиот и вториот одговор, може да се дојде до заклучок дека половина од младите имаат желба да започнат свој бизнис.

### Да ги истражувам опциите и сум на добар пат (пол)




Ако одделно се анализираат податоците според пол за младите кои дале одговор „ ги истражувам опциите и сметам дека сум на добар пат" можат да се забележат значајни разлики во однос на полот, каде дури 74.3% од испитаниците се од машки пол.

### Прашање 2: Какво е вашето искуство или искуството на вашите блиски во однос на отпочнувањето сопствен бизнис во нашата држава?

Графикон 62: искуство во однос на започнување на сопствен бизнис



Половина од испитаниците одговориле *неутрално* на ова прашање, за разлика од 26.4% - *позитивно* и 23.1% - *негативно*.

Некои од изјавите го покажуваат следното:

- *„Не сум имал идеја за свој бизнис досега бидејќи сум програмер и мојата струка не е таква, но запознаен сум со многу инкубатори па и невладини организации кои даваат ваква поддршка. Веројатно ако доволно се потрудиш, можеш да успееш да го оствариш својот сон".* (Дејан, 29)
- *„Започнувањето сопствен бизнис воопшто не е лесно и бара многу откажувања, а тоа го знам од личното искуство. Поддршката постои , но само до одредена мера, а потребен е и поширок систем и поддршка од државата."* (Анита, 26)
- *„Не мислам дека секој има талент да биде лидер и да води свој бизнис, а денес многу млади луѓе сонуваат за тоа да бидат директори и лидери без да разберат дека потребни се вештини, поддршка па и среќа."* (Џемо, 22)

## Прашање 3: Што сметате дека е најдобро за една млада личност?

Графикон 63: што е најдобро за една млада личност?



Кај третото прашање, од испитаниците беше побарано да изразат со кое од наведените тврдења се согласуваат највеќе, при што може да се забележи дека мнозинството (35.6%) сметаат дека за млада личност е *најдобро да започне сопствен бизнис*, по што следи *да побара работа во странство* (24.4%), потоа *да се вработи во приватен сектор* (23.3%) и на крајот да *најде работа во државна администрација* (16.7%).

Графикон 63.1: работа на младите (етничка припадност)




Анализата на податоците по етничка припадност покажува дека за младите Македонци, најпосакувано е *почнувањето сопствен бизнис*, кај Албанците *работата во државна администрација*, а кај припадниците од другите етнички заедници, тоа е *работата во странство*. Најмал процент од Македонците и другите етнички заедници се одлучиле за *работа во државна администрација*, а најмал процент од Албанците за *работа во странство*.

## Прашање 4: Колку е важна поддршката од држава при вработувањето?

Графикон 64: поддршка на државата при вработување на младите



Кај четвртото прашање, од испитаниците  исто така беше побарано да изразат со кое од наведените тврдења највеќе се согласуваат, па воочлив е процентот од речиси половина испитанци (48.4%) кои сметаат дека *државата не им овозможува поддршка на младите, а треба треба да го прави тоа*. Понатаму, 20.8% сметаат дека *државата не им дава поддршка на младите, но и не треба да го прави тоа*, по што следат 18.7% кои изјавиле дека *немаат став* и 12.1% кои веруваат дека *државата им овозможува поддршка на младите при процесот на вработување*.

### Прашање 5: Кој од следните фактори е најважен при барањето работа?

Графикон 65: најважни фактори при барање работа




Најголем процент од испитаниците (30.8%) сметаат дека се најважни *можностите за обуки и дополнително усовршување*, по што следи *добра плата и бонуси*,  потоа *стабилна работа, со договор на неопределено време* (17.6%), *работа која овозможува брз напредок во хиерархијата* (14.3%) и *работа во струката* (6.7%).  Преостанатите испитаници (8.6%) ја избрале опцијата *друго*.

**Прашање 6: Дали/колку сметате дека младинските организации со свои сервиси/активности можат да им обезбедат поддршка за вработување на младите?**

Графикон 66: младинските организации како поддршка при вработување




Од графикот може да се забележи дека 26.4% од младите сметаат дека младинските организации *можат да обезбедат поддршка при вработувањето на младите,* потоа 42.9% сметаат дека тоа *треба да биде само до одредена мера*, 7.70% изјавиле „не воопшто", а 22% од испитаниците немаат мислење.

**Прашање 7: Како би ја опишале моменталната финансиска ситуација во семејството?**

Графикон 67: финансиска ситуација во семејството



На прашањето за финансиската ситуација во нивниот дом, односно семејство, половина од испитаниците ја оценуваат како *прилично добра*, споредено со 24.4% - *ниту добра, ниту лоша*, 15.6% - *одлична*, 7% - *лоша* и 2% - *многу лоша*.

Графикон 67.1:финансиска ситуација во семејството (место на живеење)




Понатамошната дистрибуција според место на живеење ни покажува дека младите кои живеат во урбана средина подобро ја оценуваат својата финансиска ситуација, за разлика од младите кои доаѓаат од рурална средина.

## Прашање 8: Дали сте пријавени на работното место?

Графикон 68: дали сте пријавени на работното место?



Ова прашање беше поставено само на вработените испитаници (N=361), а според податоците во графиконот може да се забележи дека секој втор испитаник е *пријавен на работното место*, во споредба со 34.3% кои *не се пријавени* и 5.4% кои *не знаат*. Притоа, не се забележани значајни статистички разлики низ различните варијабли.

## Прашање 9: Дали работата која ја работите одговара на вашите квалификации?

Графикон 69: работно место според квалификациите




Податоците покажуваат дека 60.3% од младите *не работат работа која одговара на нивните квалификации*, за разлика од 34.6% од нив кои одговориле *потврдно*, а 5.1% посочиле дека *не знаат*.

Некои од изјавите во фокус групите ја даваат следната слика:

- *„На мојот факултет се запишуваат помалку од 10 млади, а факт е дека по завршувањето, единствената опција е да се вработиш на тој факултет. Тоа е причината зошто работам нешто сосема друго, но секогаш ќе се надевам дека условите ќе се подобрат и ќе можам да најдам работа во мојата струка.*" (Надица, 26)
- *„Мислам дека нема ништо лошо во тоа да го смениме секторот во кој работиме, со оглед на глобализацијата и новите професии. Дигитализацијата го прави своето и некои професии се менуваат или изумираат.*" (Дејан, 27)
- *„Немам избор и работам што и да ми е понудено од моите пријатели, но ќе продолжам да барам работа според моите квалификации*." (Дритон, 25)

**Прашање 10: Дали би сакале да го промените своето работно место во следните 12 месеци?**




Можеме да забележиме дека 43.5% *би сакале да го променат своето работно место* во следните 12 месеци, за разлика од 37.5% кои *не би сакале да го направат тоа*. Преостанатите,19% одговориле со „*не знам*".

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Половина од младите би сакале да започнат сопствен бизнис во иднина.

- Желбата за сопствен бизнис преовладува кај испитаниците од машки пол.

- Најголем процент од младите сметаат дека за една млада личност е најдобро да започне свој бизнис, а најмал процент ја посочуваат работата во државна администрација.

- Речиси половина од младите сметаат дека државата не им овозможува поддршка на младите при процесот на вработување.

- Најважниот фактор при барање работа се можностите за обука и дополнително усовршување (30.8% од младите).

- Младите од урбана средина подобро ја оценуваат својата финансиска состојба за разлика од младите од рурална средина.

- 60.3% од младите не работат работа која одговара на нивните квалификации

# 8 Пандемијата со ковид-19

Пандемијата со коронавирусот официјално беше прогласена во март 2020 година и претставува една од најголемите кризи со која младите луѓе на возраст од 15-29 години се соочиле досега.

Иако, нејзиниот крај изгледа прилично близу, сепак таа остави и сè уште остава големи последици за младите луѓе во различни области од нивното живеење. Повеќе студии покажаа дека токму младите луѓе се една од најпогодените групи во општеството, особено преку економскиот, социјалниот и здравствениот аспект.

**Прашање 1: Оценете го вашето ниво на стрес и анксиозност поврзано со пандемијата (1 е најниско, а 5 највисоко)**

Графикон 71: ниво на стрес и анксиозност




Графиконот покажува дека најголем процент од младите (29.7%) дале *оценка 4*, во споредба со 13.3% кои дале *оценка 1*, потоа 17.4% кои дале *оценка 2*, дополнителни 25.4% дале *оценка 3* и 14.25% дале *оценка 5*.




Податоците според пол покажуваат дека најголем дел од машките испитаници(27.8%) дале *оценка 3*, додека пак најголем дел од испитаничките од женскиот пол (42.5%) дале *оценка 4*.

## Прашање 2: Оценете го вашето задоволство во однос на тоа како државата и нејзините институции се справија со кризата со ковид 19 и колку се исполнети вашите очекувања (1 е најниско, а 5 највисоко)



Мнозинството млади (38.8%) даваат просечна *оценка 3*. *Оценка 1* е дадена од 14.3% од испитаниците, *оценка 2* - 28.6%, *оценка 4* - 13.3%, *оценка 5* - 5.1%.

Графикон 72.1: државата и нејзините институции (статус)




Анализата на податоците според статус, покажува дека кај учениците и студентите преовладува *оценката 3*, мнозинството од вработените дале *оценка 4*, а од невработените најчестата *оценка е 2*.

**Прашање 3: Дали бевте исплашени во однос на излегувањето и минувањето време во јавен простор (супермаркет, кино, театар, кафуле)?**

Графикон 73: страв од излегување во јавен простор



## Прашање 4: Дали некогаш се чувствувате осамено?

Графикон 74: чувство на осаменост и тага




Речиси секоја втора млада личност се изјаснила дека *често* се чувствувала осамено, споредено со 20.6% - *ретко*, 12.1% - м*ногу често* и 11.2% - *никогаш*.

### Често се чувствувам осамено (возраст)




Меѓу групата млади кои дале одговор дека често се чувствуваат осамено, забележлив е процентот од дури 75.2% од младите на возраст од 15--19 години кои го одбрале овој одговор. Процентот е значително помал кај останатите две возрасни групи.

**Прашање 5: Од што се состои вашата главна активност за време на пандемијата?**

Графикон 75: главна активност за време на пандемијата




Мнозинството испитаници (45.9%) изјавиле дека посветеноста на нивното *хоби и интерес* била нивната главна активност за време на пандемијата, за 27.6% од младите тоа е *грижата за член од семејството*, 15.3% ги избрале *учењето и/или работата*, за 6.1% тоа е *дружењето со пријателите* и 5.1% ја избрале опцијата „*друго*".

**Прашање 6: Дали чувствувате дека имате со кого да разговарате за своите проблеми, за време на пандемијата?**

Графикон 76: разговор  и поддршка за своите проблеми



Податоците покажуваат дека 41.8% од младите *често* имале со кого да разговараат за своите проблеми за време на пандемијата, 30.6% - *многу често*, 23.5% - *ретко* и преостанатите 4.1% - *никогаш*.

### Прашање 7: Колку често ги гледавте своите пријатели во живо, за време на пандемијата?

Графикон 77: средби со пријателите, за време на пандемијата




Од графиконот можеме да забележиме дека 41.8% од младите *ретко* ги гледале своите пријатели, за разлика од 22.7% - *често*, 16.2% - *многу често* и 4% - *никогаш*.

### Прашање 7: Што ви недостасуваше највеќе за време на пандемијата?

Графикон 78: што ви недостигаше најмногу за време на пандемијата?



Можеме за забележиме дека половина од испитаниците истакнале дека *дружењето со пријателите* е тоа што највеќе им недостасувало за време на пандемијата. Потоа, следат *патувањата* за 21.6% од испитаниците, *настаните* за 11.8%, одењето на работа или образовна институција за 11.2% и *другите активности* за преостанатите 6.1%.

**Дружење со пријателите (возраст)**




Доколку одвоено се анализираат податоците меѓу испитаниците кои одговориле *дружење со пријателите,* може да се забележи значајна разлика меѓу возрасните групи, каде оваа опција е избрана дури 73.6% од првата возрасна група (15-19), за разлика од 31.5% од третата возрасна група (25-29).

**Настани (возраст)**




Понатаму, одделната анализа на податоците кај одговорот *настани,* ни покажува најмал процент кај најмладите (15-19), а најголем кај испитаниците на возраст од 20-24 години.

**Прашање 9: Колку сметате дека се измени вашиот живот за време на пандемијата?**




Мнозинството испитаници (57.1%) одговориле дека нивниот живот *прилично*" се изменил за време на пандемијата, потоа 24.5% одговориле „*целосно*", 17.3% и само 1% одговориле „*воопшто не*".

- *„Да кажам дека мојот живот не се изменил воопшто би било чудно, но можам да потврдам дека се чувствувам добро бидејќи имав влијание и самиот избирав што ќе правам. Така, почнав да готвам и тоа е една добра вештина што ја усовршив за време на пандемијата".* (Стефан, 26)
- *„Како екстровертна личност која претходно никогаш не беше дома, за мене почетокот на пандемијата дојде како шок, но со текот на времето научив да уживам во своето друштво и го најдов балансот*." (Моника, 22)
- „На почетокот не забелележував голема разлика*, но во моментот кога изгубив блиска личност, сфатив дека мојот живот веќе нема да биде ист*." (Симона, 17)

**Прашање 10: Дали чувствувате надеж дека вашиот живот ќе се врати во нормала наскоро?**

Графикон 80: надеж дека животот наскоро ќе се врати во нормала




Последното прашање во оваа група ни дава одговор дека речиси половина (43.9%) од младите имаат надеж дека нивниот живот ќе се врати во нормала *прилично*, 24.5% се надеваат дека тоа ќе биде *целосно*, 21.4% изјавиле дека очекуваат тоа да е *во мала мера*, а 10.2% воопшто *немаат надеж за тоа*.

# ЗАКЛУЧОЦИ

- За мнозинството млади (58%), животот прилично се изменил за време на пандемијата.

- 30% од младите чувствувале висока анксиозност за време на пандемијата, оценка 4 на скала од 1 до 5.

- 39% од младите даваат просечна оценка 3 за државните мерки поврзани со пандемијата на коронавирусот.

- Речиси секој втор испитаник се чувствувал осамено за време на пандемијата.

- Главната активност за 46% од младите биле нивните интереси и хобија.

- За половина од испитаниците она што највеќе недостигало за време на пандемијата е дружењето со пријателите.

- 44% од младите имаат надеж дека нивниот живот во прилична мера ќе се врати во нормала, по завршување на пандемијата.